# Препорака

**За Христина Нунеска**

Ученик во СОЕПТУ ,,Кузман Јосифоски- Питу"- Прилеп

Ученичката, Христина Нунеска, е редовна ученичка во IIIта година во тековната 2017-2018 учебната година во Средното Економско Правно Трговско Училиште (СОЕПТУ) ,,Кузман Јосифоски- Питу"- Прилеп, образовен профил, банкарски техничар.

Во својство на директор, чест ми е да ја напишам оваа препорака, со оглед на тоа дека соработката со Христина во текот на школувањето е обострано задоволство.

Што се однесува до општиот успех, покажува константно високи резултати пропратени со одличен успех и примерно поведение.

Во текот на соработката, Христина, во споредба со другите ученици се истакнува со својата амбициозност и креативност.

Христина во текот на тимска работа со други ученици покажува дека е ученик кој секогаш е подготвен да им пружи помош на другите и да соработува во различни аспекти. Во овие активности до израз доаѓаат и нејзините комуникациски способности кои се на највисоко ниво во однос со учениците, професорите, како и останатите вработени во училиштето.

При комуникацијата и работата со Христина, остава впечаток нејзината интелектуална способност која ја користи за организација на различни проекти и активности каде што се истакнува и нејзината способност за лидерство.

Аналогно на ова, искрено Ви препорачувам да и дадете можност на Христина Нунеска да ги истакне своите знаења, способности, вештини и искрено се надевам дека ќе ја земете во предвид оваа препорака при вашето постапување.

Со почит,

Билјана Марковска

Директор на СОЕПТУ ,,Кузман Јосифоски-Питу"- Прилеп

Средно општинско училиште Економско-правно-трговско училиште „Кузман Јосифоски Питу" Прилеп